Macedonian/ Македонски

Australian Government

ГЛАСАЊЕТО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО

Вашата официјална

# книшка за референдумот

ОВАА КНИШКА ВКЛУЧУВА:




страница 5




страница 23

# За оваа книшка

Оваа официјална книшка за референдумот содржи два важни документи:
Вашиот официјален памфлет за референдумот
со аргументи за „Yes“/„No“ и
Вашиот официјален водич за референдумот во 2023 година.




## стр. 5 Вашиот официјален памфлет за референдумот со аргументи за „Yes“/„No“

**Страница 6** **Што може да се промени во Уставот**

На оваа страница се наоѓаат предложените промени на Уставот.

Предложениот закон беше усвоен од двата дома на Парламентот: Промена на Уставот („Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“) од 2023 година (Constitution Alteration (Aboriginal and Torres Strait Islander Voice) 2023).

**Страница 7** **Аргументи за „Yes“ и „No“**

Аргументите за гласање „Yes“ и аргументите за гласање „No“ се прикажани едни до други.

Аргументите за „Yes“/„No“ ги поднесе мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа за или против предложениот закон и кои сакаа да ги промовираат таквите аргументи.

**AEC нема законодавно овластување да ги менува или да ја проверува фактичката веродостојност на аргументите за „Yes“ или „No“.**




## стр. 23 Вашиот официјален водич за референдумот во 2023 година

Официјалниот водич содржи важни информации за гласањето и за гласачките места, како и порака од Началникот на Изборната комисија.

Официјалниот водич го подготви Австралиската изборна комисија (AEC).



# Преведени верзии и достапни формати

**Вашата официјална книшка за референдумот е достапна на англиски и на други јазици за лица од различно културно и јазично потекло, на јазиците на Првите народи (само аудио верзија), а има и формати на англиски јазик за гласачи кои се слепи или со слаб вид, како и формат за лесно читање (само на официјалниот водич).**

**За понатамошни информации во врска со гласањето и референдумот, ве молиме јавете се на 1300 720 139 за помош на вашиот јазик.**

Оваа страница е намерно оставена празна



Australian Government

ГЛАСАЊЕТО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО

# Вашиот официјален **памфлет за референдумот со аргументи за**

# YES | NO

# Што може да се промени во Уставот

## Изјава за предложените промени на Уставот

Предложениот закон, Промена на Уставот („Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“) од 2023 година (Constitution Alteration (Aboriginal and Torres Strait Islander Voice) 2023), би го променил Уставот со вметнување на следниот текст после Поглавјето VIII:

**Поглавје IX – Признавање на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес (Chapter IX—Recognition of Aboriginal and Torres Strait Islander Peoples)**

**129 „Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“ (Aboriginal and Torres Strait Islander Voice)**

Признавајќи ги Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес како Први народи на Австралија:

(i) ќе има тело кое ќе се вика „Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“;

(ii) „Гласот на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“ може да се обраќа до Парламентот и Извршната влада на Комонвелтот во врска со прашања кои се однесуваат на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес;

(iii) Парламентот, во согласност со овој Устав, ќе има овластување да донесува закони во врска со прашања кои се однесуваат на „Гласот на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“, вклучително неговиот состав, функции, овластувања и постапки.

Предложениот закон исто така би го променил Уставот со вметнување на следниот текст во Содржината на Уставот, после „Поглавје VIII – Промена на Уставот“ (‘Chapter VIII Alteration of the Constitution’):

| | |
|---|---|
| Поглавје IX | Признавање на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес |
| (Chapter IX | Recognition of Aboriginal and Torres Strait Islander Peoples) |



# На следните страници ќе ги најдете аргументите за **„Yes“** и **„No“**

Аргументите за двата става ги поднесоа мнозинството сојузни пратеници на Парламентот и сенатори кои гласаа за или против предложениот закон за промена на Уставот и кои сакаа да ги промовираат таквите аргументи.

Тие што гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи, го подготвија случајот за „Yes“, додека оние што гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи, го подготвија случајот за „No“.

Бројот на зборови е ограничен на 2.000 збора за секој од двата аргумента според членот 11(1) од *Законот за референдуми (Одредби за механизми за гласање) од 1984 година* (Комонвелт) *(Referendum (Machinery Provisions) Act 1984* (Cth)).

# Аргументите за гласање

# Yes

Аргументите за гласање **„Yes“** започнуваат на **страницарage 10** и потоа се прикажани на секоја втора страница.

**Предложен закон:**

Да се промени Уставот за да се признаат Првите народи на Австралија со воведување на „Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“.

**A proposed law:**

To alter the Constitution to recognise the First Peoples of Australia by establishing an Aboriginal and Torres Strait Islander Voice.

**Кој го напиша ова?**

**Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на  зборната комисија.**



# Аргументите за гласање

# No

Аргументите за гласање **„No“** започнуваат на **страницарage 11** и потоа се прикажани на секоја втора страница.

**Предложен закон:**

Да се промени Уставот за да се признаат Првите народи на Австралија со воведување на „Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“.

**A proposed law:**

To alter the Constitution to recognise the First Peoples of Australia by establishing an Aboriginal and Torres Strait Islander Voice.

**Кој го напиша ова?**

**Содржината на овие аргументи  (кои можат да се прочитаат на  aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

# Аргументите за гласање Yes

**Гласајте „Yes“ за подобра иднина на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес и на сите Австралијци.**

**Гласајте „Yes“ за единство, надеж и за да направите позитивна промена.**

## Гласањето „YES“ е за:

**Признавање**

- **Признавање** на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес и оддавање почит на култура и традиција од 65.000 години.

**Слушање**

- **Слушање** на совети од Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес за прашања кои влијаат на нивниот живот, за владите да донесуваат подобри одлуки.

**Подобри резултати**

- **Постигнување на практичен напредок** во областа на здравјето, образованието, вработувањето и домувањето на домородното население, за луѓето да имаат подобар живот.

## Тоа е промена која само вие можете да ја направите.

Гласајте „Yes“ за идеја која доаѓа директно од самите Абориџини и Островјани од Теснецот Торес: **Уставно признавање преку „Глас“ (Constitutional Recognition through a Voice).**

### Што е „Глас“:

„Гласот“ (Voice) ќе биде комисија од Абориџини и Островјани од Теснецот Торес која ќе ги советува Парламентот и Владата за прашања кои ја засегаат нивната заедница.

Таа ќе вклучува домородни Австралијци од секоја држава и територија, од островите во Теснецот Торес и претставници од региони и оддалечени заедници.

Членовите на „Гласот“ ќе бидат избрани од Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес во нивната локална област и ќе членуваат одредено време.

### Зошто ни е потребен:

Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес се соочуваат со големи предизвици:

- Очекуван животен век 8 години пократок од оној на Австралијците што не се домородни.
- Поголеми стапки на болести и смртност кај новороденчиња.
- Двојно поголема стапка на самоубиства.
- Помалку можности за образование и обука.

Јасно е дека сегашниот пристап не функционира.

За да ги намалиме овие разлики, да најдеме решенија и да планираме за иднината, треба да ги слушаме советите на Абориџините и на Островјаните од Теснецот Торес за прашања што ги засегаат нивните животи и заедници.

### Како ќе функционира „Гласот“:

**Улогата на „Гласот“ е да дава совети.**

Кога владите ги слушаат луѓето за прашања што ги засегаат, тие:

- Донесуваат подобри одлуки.
- Постигнуваат подобри резултати.
- Испорачуваат подобра вредност за парите.

Повеќе за „Yes“ на стр.12

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**



# Аргументите за гласање No

## ПРИЧИНИ ЗА ГЛАСАЊЕ „NO“ – КРАТОК ПРЕГЛЕД

Овој референдум не е само за „признавање“. Овој предлог за „Глас“ (Voice) оди многу подалеку.

Ако успее, тој ќе претставува најголема промена на нашиот Устав во нашата историја.

Од правна гледна точка, тој е ризичен со непознати последици.Тој би бил разединувачки и траен.

**Ако не знаете, гласајте „no“.**

### РИЗИЧЕН

Сите сакаме да им помогнеме на домородните Австралијци во обесправените заедници. Меѓутоа, овој „Глас“ не е одговор и претставува вистински ризик за нашиот систем на владеење.

Овој „Глас“ конкретно ги опфаќа сите области на „Извршната власт“. Тоа значи дека ниту едно прашање нема да му биде надвор од дофат.

На крај, Високиот суд ќе ги одреди неговите овластувања, не Парламентот.

Тој носи ризик од правни предизвици, одложувања и нефункционално владеење.

### НЕПОЗНАТО

Не се дадени никакви детали како би се избирале членовите на „Гласот“ и како тој би функционирал. Од Австралијците се бара тие најнапред да гласаат пред да се разработат овие детали.

**Австралијците треба да ги имаат деталите пред гласањето, не после.**

Не знаеме како ќе функционира, не знаеме кој ќе биде во него, но знаеме дека трајно ќе нè подели како Австралијци.

Некои привзраници на „Гласот“ велат дека ова ќе биде само прв чекор кон репарација и компензација и други радикални промени. Па, што би било следно?

### РАЗЕДИНУВАЧКИ

Впишувањето на „Глас“ во Уставот за само една група на Австралијци значи трајна поделба на нашата татковина.

Тој создава различни класи на државјанство преку непознато тело поддржано од целосната сила на Уставот. Многу домородни Австралијци не го поддржуваат ова.

### ТРАЕН

Ако во Уставот се стави „Глас“, тоа значи дека тој ќе биде траен. Тоа ќе нè остави со негативни последици.

## ДЕСЕТ ПРИЧИНИ ЗА ГЛАСАЊЕ „NO“

### 1. ОВОЈ „ГЛАС“ Е ПРАВНО РИЗИЧЕН

Уставот на Австралија е нашиот најважен правен документ. Секој збор може да биде изложен на толкување.

Австралија не го променила својот Устав од 1977 година. **Ова би била најголемата промена на нашата демократија во австралиската историја.**

Тоа е скок во непознато. Овој „Глас“ не е тестиран. Никаде во светот не постои уставно тело споредливо со ова.

Впишувањето на „Глас“ во Уставот значи дека тој е изложен на правен предизвик и толкување од страна на Високиот суд.

Правните експерти не се согласуваат, и не можат да знаат со сигурност, како Високиот суд ќе толкува ваква уставна промена.

Повеќе за „No“ на стр.13

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

# Аргументите за гласање **Yes**

„Гласот“ ќе дава совети во врска со клучни прашања со кои се соочуваат Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес, од подобрување на здравјето на новороденчињата до подобрување на услугите во оддалечените области.

Парламентот и Владата и понатаму ќе бидат одговорни за сите закони, програми и финансирање.

**Patrick Dodson, сенатор за Западна Австралија, старешина од Yawuru:**
*„Кога се слушаат и ангажираат луѓето на земјата, се донесуваат подобри закони и одредби. Советите од „Гласот“ ќе ги направи нашите одлуки и насоки поинформирани и поуспешни. Признавањето во Уставот ќе помогне во заздравувањето на нашата нација.“*

## „ГЛАСОТ“: КЛУЧНИ ФАКТИ

- Идејата доаѓа од Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес.
- Ги признава Првите народи (First Peoples) во нашиот Устав.
- Комисија составена од Абориџини и Островјани од Теснецот Торес.
- Им дава на луѓето право на збор за прашања што ги засегаат.
- Слушањето ќе значи подобри резултати – и подобра вредност за парите.
- Претставници од сите држави и територии, од Островите во Теснецот Торес и оддалечените заедници.
- Ќе вклучува млади лица и урамнотежен број на мажи и жени.
- Парламентот и Владата и понатаму ќе бидат одговорни за закони, програми и финансирање.

**ПРОДОЛЖЕТЕ ДА ЧИТАТЕ ЗА УШТЕ 8 ПРИЧИНИ ДА ГЛАСАТЕ „YES“.**

## 1. Ова беше идеја директно од Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес.

Гласањето „Yes“ значи:

- Поддршка за тежнение што Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес го предлагаа со децении.
- Прифаќање на предлог кој го поддржуваат 80% од Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес.

**Повикот за „Глас“ не дојде од политичарите.**

Во 2017 година, по долгогодишна работа и безброј разговори во сите делови на земјата, скоро 250 лидери и старешини на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес потпишаа *„Улуру – Соопштение од срце“* (*Uluru Statement from the Heart*).

Повик за признавање во Уставот преку „Глас“.

Барајќи од нас да помогнеме да се направат практични промени во нивниот живот и да се создадат подобри можности за нивните деца.

> Австралијците од сите сфери на животот, сите религии и култури и од сите страни на политиката, дадоа поддршка на овој предлог.

Сега можеме да го оствариме тоа.

Гласањето „Yes“ е чин на единство што ќе ги зближи Австралијците.

## 2. Уставно признавање за конкретни резултати.

Уставното признавање е моќна изјава што ќе поттикне практична промена.

**Гласањето „Yes“ значи:**

- Признавање на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес како Први народи на Австралија.
- Прославување и споделување на историја долга 65.000 години.

Повеќе за „Yes“ на стр.14

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**





# Аргументите за гласање **No**

**„Предвидувам една или повеќе децении на судски спорови во врска со уставниот и управниот закон кои ќе произлезат од еден глас...“**
(*Ian Callinan AC KC, поранешен судија на Високиот суд*)[1]

Ова ја отвора Пандорината кутија.

## 2. НЕМА ДЕТАЛИ

Ова е голема одлука. Меѓутоа, **Владата нема да открие клучни детали пред гласањето**.

Не знаеме како тој ќе им помогне на обесправените заедници и ќе ја намали разликата.

Не знаеме колку членови ќе има овој „Глас“.

Не знаеме дали тие ќе бидат избрани со гласање или одбрани, или како би се случило тоа.

Не знаеме како тој би интервенирал во врска со прашања или како би одговарал за своите постапки.

> Овие детали ќе бидат разработени само откако Австралијците ќе гласаат.

Според „Yes“-кампањата, „*не е логично*“ да се имаат детали пред гласањето:

„Воопшто не е логично да ја имаме таа детална консултација додека не ја имаме поддршката од Австралијците за промена на Уставот.“
(*Брошура Yes23*)

Тоа е погрешен начин.

Вие не би купиле куќа без да ја прегледате или автомобил пред да го тестирате.

Па сепак, од вас се бара да гласате за промена на нашиот Устав без детали.

Од Австралијците не треба да се бара да потпишат бланко чек.

„Како е можно Австралијците да се согласат за нешто кога не ги знаеме деталите?“
*(Сенатор Kerrynne Liddle, Министер во сенка за заштита на деца и спречување на семејно насилство, и жена од Arrernte)*

## 3. ТОЈ НЕ ДЕЛИ

> Впишувањето во нашиот Устав на тело за само една група на Австралијци значи трајна поделба на Австралијците. Многу домородни Австралијци не се согласуваат со тоа.

**„Овој „Глас“ нема да нè обедини, ќе нè разедини според раса.“**
(*Сенатор Jacinta Nampijinpa Price, Министер во сенка за домородни Австралијци и жена од Warlpiri*)

Ова е спротивно на клучниот принцип на нашиот демократски систем дека сите Австралијци се еднакви пред законот.

„Вклучувањето на предложениот член 129 би значело дека ќе станеме нација каде што без разлика кога ние или нашите предци прво пат сме дошле во оваа земја, не сме сите еднакви.“
(*David Jackson AM KC, поранешен судија на Федералниот суд*)[2]

Нашиот Устав им припаѓа на сите Австралијци. Нашиот Парламент е тука да ги застапува сите Австралијци. Сега тој вклучува рекорден број од 11 домородни членови и сенатори.

Нашата национална химна беше неодамна променета за да го одрази фактот дека сме „обединети и слободни“.

**Спротивно на тоа, овој „Глас“ трајно ќе ги подели Австралијците, во закон и дух.**

1 The Australian, 17/12/2022
2 Поднесок на Парламентарна расправа, 11/04/2023

Повеќе за „No“ на стр.15

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

# Аргументите за гласање Yes

- Испраќање моќна порака до светот за единството на Австралија.
- Правење практична промена за иднината.

Генерации на Абориџини и Островјани од Теснецот Торес ја збогатија нашата нација со нивната култура и креативност, нивното познавање на земјата и водите и со нивниот придонес во австралискиот живот.

Нашиот древен континент е дом на најстарите живи култури во светот. Признавајќи го тоа во нашиот Устав е инспиративен начин да ја славиме нашата заедничка историја.

Гласањето „Yes“ е чин на помирување што ќе донесе вистински резултати.

> Формата на признавање што домородните Австралијци бараат од нас да ја поддржиме е „Глас“.
> Начин за практична промена.

**Johnathan Thurston, NRL шампион и тренер, маж од Gunggari:**
*„Нашите млади луѓе ја заслужуваат шансата да бидат најдобри што можат. Тесно соработувам со деца на училишна возраст во заедницата Yarrabah во Квинсленд. Ги видов пречките со кои се соочуваат. Никој не го разбира тоа подобро од нивната локална заедница. Ако им се даде право на збор, тоа ќе значи дека повеќе наши деца ќе го постигнат својот потенцијал. Токму тоа е целта на „Гласот“.“*

## 3. Осигурува луѓето да имаат подобар живот.

„Гласот“ е начин да се постигне вистинско подобрување за Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес во однос на:

- Очекуваниот животен век.
- Стапката на смртност и здравје на новороденчиња.
- Образование и вработување.

Долго време, владите добронамерно трошеа милијарди обидувајќи се да се справат со овие проблеми.

Но тие не постигнаа трајно подобрување, бидејќи не ги слушаа луѓето на земјата.

Сегашниот пристап не функционира и „Гласот“ е нашата најдобра шанса да го поправиме тоа.

Никој не мисли дека „Гласот“ веднаш ќе реши сè – но конечно ќе го имаме вистинскиот пристап.

**Следуваат три примери кога слушањето на домородните луѓе дало подобри резултати.**

**ЗАМИСЛЕТЕ КАКОВ НАПРЕДОК БИ МОЖЕЛА ДА НАПРАВИ АВСТРАЛИЈА СО „ГЛАС“.**

### Слушањето има ефект: Подобри здравствени служби

Абориџинските медицински служби (Aboriginal Medical Services) кои се контролирани од заедницата вработуваат локални домородни лица.

Тие управуваат со клиники и посетуваат оддалечени области, обезбедувајќи основни услуги како што е имунизација на деца.

Во југоисточен Квинсленд, локалната Абориџинска медицинска служба и заедницата работеа заедно и масовно го зголемија бројот на годишните здравствени проверки од 500 на над 20.000 во период од 10 години.

### Слушањето има ефект: Подобри резултати во образованието

Семејствата и лидерите во заедницата се вклучени во секој аспект од новото училиште, Dhupuma Barker, во Arnhem Land, од планирање на часови до униформи и ручек.

Вистинското партнерство доведе до **голема посетеност на наставата и подобри резултати**. Тимот за роботика 'Dhupuma Firebirds' неодамна се натпреваруваше на Меѓународниот шампионат 'VEX' во Тексас и беше првиот тим од Северната Територија што некогаш се квалификувал.

Повеќе за „Yes“ на стр.16

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**



# Аргументите за гласање No

„Ние сите сме Австралијци. И така треба да биде. Не треба да бидеме поделени од овој таканаречен „Глас“ кој ќе ја подели земјава токму на половина.“
(*Ian Conway, Виш заштитиник на Central Arrernte*)

## 4. ТОЈ НЕМА ДА ИМ ПОМОГНЕ НА ДОМОРОДНИТЕ АВСТРАЛИЈЦИ

Сите сакаме да им помогнеме на домородните Австралијци во обесправените заедници, да го премостиме јазот и да имаме помирување.

**Меѓутоа, повеќе бирократија не е решение.**

Во моментов има стотици домородни претставнички тела на сите нивоа на владеење, заедно со Националната агенција за домородни Австралијци (National Indigenous Australians Agency) во која има 1.400 вработени.

Со централизиран „Глас“ се ризикува потребите на регионалните и оддалечените заедници да бидат превидени.

„Национален глас не може да зборува во име на земјата.“
(*Nyunggai Warren Mundine AO, член на одборот на 'Австралијци за обединетост' и маж од Bundjalung*)

Во моментов, многу гласови бараат помош за решавање на катастрофалните социјални проблеми во некои оддалечени заедници. Она што е потребно е делување.

**„Тоа што ни е потребно во Канбера се уши, а не „Глас“.“**
(*Сенатор Jacinta Nampijinpa Price, Министер во сенка за домородни Австралијци и жена од Warlpiri*)

## 5. НЕМА ПРАШАЊЕ КОЕ Е НАДВОР ОД НЕГОВИОТ ДОМЕН

Моделот на овој „Глас“ не е само за Парламентот, туку оди многу подалеку – до сите области на „Извршната власт“. **Тоа ги вклучува сите владини сектори, агенции и други тела (како што е Резервната банка).**

Одлуки во врска со економијата, националната безбедност, инфраструктурата, здравството, образованието и многу повеќе, би биле во негова надлежност.

Според зборовите на член на владината работна група за референдумот (Referendum Working Group):

„Гласот ќе биде во состојба да зборува со сите делови од владата, вклучувајќи ги Кабинетот, министрите, јавните службеници и независните законодавни канцеларии и агенции – како што е Резервната банка... Владата не може да го замолчи гласот.“
(*Професори Megan Davis и Gabrielle Appleby*)[3]

Според зборовите на професор по уставно право кој го поддржува „Гласот“:

„Мислам дека тој е сериозно погрешен, бидејќи го задржува целиот опсег на преглед на извршните дејствија. Тоа значи дека „Гласот“ може да коментира за сè, од подморници до казни за паркирање... Ќе имаме редовни судски интервенции.“
(*Професор Greg Craven AO*)[4]

Многу правни експерти изразија загриженост за неговиот домен, но нивната загриженост едноставно се игнорира.

## 6. ПОСТОИ РИЗИК ОД ОДЛОЖУВАЊА И НАРУШЕНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

Австралискиот Парламент се занимава со стотитци закони годишно.

Доменот на овој „Глас“ се протега надвор од Парламентот и ги опфаќа секторите, агенциите и сите области на „Извршната власт“.

Како „Гласот“ би се справил со ова?

**Доколку „Гласот“ не е задоволен од начинот на кој е консултиран или од некоја донесена одлука, може да поднесе жалба до судовите. Колку време би траело ова?**

3 The Australian, 1/4/2023
4 Daily Mail, 24/3/2023

Повеќе за „No“ на стр.17

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

Директорот Phillip Heath рече:
*„Слушањето на заедницата доведува до пресврт во образованието во регионалните и оддалечените области.“*

## Слушањето има ефект: Домородни чувари на паркови

Речиси 2.000 домородни чувари на паркови работат на традиционалната земја.

Чуварите се грижат за нашата животна средина со тоа што **работат на спречување на шумски пожари, контролирање на дивите штетници и подобрување на здравјето на нашите реки.**

Слушањето на домородните чувари значи споделување на 65.000-годишно познавање и поврзаност со нашата земја и води.

**Гласајте „Yes“ за подобри резултати низ Австралија.**

**Гласајте „Yes“ за да помогнете да се намали разликата.**

## 4. Ја обединува нашата земја.

Гласањето „Yes“ значи:

- Помирување со нашето минато и пат кон подобра иднина.
- Промена која само вие можете да ја направите.

Австралија има постигнато значителен напредок откако нашиот Устав стапи на сила во 1901 година.

Сега со право ги славиме домородните Австралијци и нивниот придонес за нашата земја.

На референдумот во 1967 година, 90% од Австралијците гласаа „Yes“ за промена на Уставот за Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес да се вбројуваат во населението на ист начин како и сите други.

Тоа беше обединувачки чекор напред.

Заедно имаме шанса да го направиме следниот чекор – да ги признаеме Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес преку „Глас“.

Други нации со слична историја, како што се Канада и Нов Зеланд, официјално ги признаа нивните Први народи пред децении.

**Искуството покажува дека нема од што да се плашиме – а толку многу да добиеме.**

**Rachel Perkins, режисер од Алис Спрингс, жена од Arrernte/Kalkadoon:**
*„Нашите луѓе поминаа децении со кампањи за можноста за подобар живот. Никогаш не сме биле порешителни или пообединети. „Гласот“ е нашата најдобра шанса, ајде да ја искористиме.“*

## 5. Заштедува пари.

Кога владите ги слушаат луѓето, постигнуваат подобри резултати и поефикасно ги користат средствата.

**Тетка Pat Anderson AO, копретседател на Дијалози од Улуру, жена од Alyawarre:**
*„Кога ги вклучувате луѓето, донесувате подобри одлуки и парите што ги трошите одат таму каде што е најпотребно: кај луѓето на земјата.“*

Владите од двете страни инвестираа милијарди во програми кои ниту ги решија проблемите, ниту стигнаа до заедниците.

„Гласот“ ќе ни помогне да ги слушаме локалните луѓе и да заштедиме пари.

На сите ни е подобро кога владите не ги трошат парите на даночните обврзници на работи што не функционираат.

Повеќе за „Yes“ на стр.18

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**





Многу правни експерти предупредуваат дека тоа би предизвикало значително одложување при донесувањето одлуки.

„Гласот“ речиси сигурно ќе стане громобран за долга дебата за различни актуелни прашања. Скоро за секое прашање на националната агенда кое е од актуелно значење ќе се смета дека има некаква домородна компонента.“
(*Nicholas Hasluck AM KC, поранешен судија на Врховниот суд на Западна Австралија*)[5]

Ризикот од правни жалби и одложувања значи ризик од нефункционална влада.

Тоа не е добро за Австралија.

## 7. ЈА ОТВОРА ВРАТАТА ЗА АКТИВИСТИ

Правната несигурност и отсуството на детали го наметнува прашањето: што следува?

> Некои приврзаници на „Гласот“ отворено велат дека тој ќе биде прв иот чекор кон репарација и компензација, а и други радикални промени.

„Ова е првиот чекор, тоа е витален чекор и ги става сите објаснувања зад себе. „Платете ја киријата“ (‘Pay the Rent’), на пример, како да го направиме тоа на начин кој е транспарентен и всушност обезбедува репарација и компензација за Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес...?“
(*Thomas Mayo, Работна група за референдумот*)[6]

Во „Улуру – Соопштението од срце“ (Uluru Statement from the Heart) се вели дека „Гласот“ е прв чекор, пред договор и кажување на вистината.

По дефиниција, договор е спогодба меѓу влади, не меѓу една група на граѓани и нивната влада.

Член на владината работна група за референдумот ја опиша „вистината“ како „давање моќ“ што ќе доведе до „укинување на старите колонијални институции“.

„Тоа е начин да се промовира она што ни е потребно за нашиот народ во сите преговори за договори и за други работи како што се законодавство, реформи и укинување на институциите, старите колонијални институции кои ни нанесуваат штета.“
(*Thomas Mayo, Работна група за референдумот*)[7]

Многу активисти веќе водат кампања за **укинување на Денот на Австралија, промена на нашето знаме и други институции и симболи** важни за Австралијците.

„Отсекогаш постоела кампањата #abolishAustraliaDay, менувањето на датумот е начин да се одбегне тоа.“
(*Teela Reid, Група за ангажман за референдумот*)[8]

Ако постои уставно заснован „Глас“, овие повици би станале погласни.

„Австралијците треба да разберат дека „Гласот“ ќе се користи за поддршка на барањата за признавање на коегзистентен суверенитет, на комисија Makarrata која ќе има за цел да подготви договор и паричен надоместок, како и за преправање на австралиската историја...
Потенцијалот за голема непоправлива штета за австралиското општество значи дека „гласот“ никогаш не треба да биде вклучен во австралискиот Устав…“
(*Terence Cole AO RFD KC, поранешен судија на Врховниот суд на Нов Јужен Велс*)[9]

## 8. ЌЕ БИДЕ СКАП И БИРОКРАТСКИ

Не знаеме колку дополнителни средства би се издвоиле за овој „Глас“.

5 Поднесок на Парламентарна расправа, 16/4/2023
6 Говор на Фондацијата SEARCH, 12/2/2020
7 Говор на Фондацијата SEARCH, 12/2/2020
8 Twitter, 24/1/2023
9 Spectator Australia, 6/4/2023; Поднесок на Парламентарна расправа, 19/4/2023

Повеќе за „No“ на стр.19

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

## 6. Сега е време.

Идејата за „Глас“ се создаваше со децении. Многу Абориџини и Островјани од Теснецот Торес вложија многу труд и добра волја.

Гласањето „No“ значи дека ништо нема да се промени. Тоа значи дека треба да прифатиме дека не можеме да направиме подобро.

**Не ризикувајте да се случуваат повеќе од истите работи:**

- Пократок очекуван животен век.
- Полоши резултати во образованието и вработувањето.
- Полоши здравствени резултати.

Гласајте „Yes“ да се прекине овој циклус и да се обедини нашата нација.

**Eddie Betts, легенда на Adelaide и Carlton AFL, маж од Gubrun, Wirangu/Kokatha:**
*„Знам дека „Гласот“ нема да поправи сè преку ноќ, но чувствувам дека го отвора патот да се осигура дека сме вклучени и почитувани во донесувањето одлуки за прашањата што нè засегаат.“*

## 7. Практични совети кои се делотворни.

„Гласот“ ќе дава совети за практични чекори за подобрување на здравјето, образованието, вработувањето и домувањето на домородното население.

Впишувањето на „Гласот“ во Уставот му дава стабилност и независност, сега и во иднина.

Ова значи дека „Гласот“ може да дава искрени совети, без да се заплеткува во краткорочна политика.

**Ние не можеме преку ноќ да ги решиме сите предизвици со кои се соочуваат домородните Австралијци. Сега ни треба дејствување, како и долгорочно планирање.**

Затоа ни  е потребен „Глас“ кој не може да се укине со еден потег со пенкало.

Правните експерти појаснија дека „Гласот“ ќе нема моќ да спречи, одложи или стави вето на кој било закон или одлука. **Улогата на „Гласот“ е да дава совети**.

## 8. Подобрување на функционирањето на владата.

Гласањето „Yes“ значи:

- Владата ќе добива подобри совети и ќе доставува подобри резултати.
- Дополнување на Уставот поддржано од експертите.

Во овој процес беа вклучени искусни правници и поранешни судии во Високиот суд.

### Што велат правните експерти:

- Уставно и правно издржан.
- Ќе го **подобри** нашиот систем на владеење.
- Нема овластување да става вето – Парламентот и Владата ја донесуваат конечната одлука.

**Robert French AC, Главен судија на Високиот суд на Австралија од 2008 до 2017 година и Geoffrey Lindell, почесен професор по право на Универзитетот од Аделаида:**
*„Гласот“ е голема идеја, но не и комплицирана. Ризикот е мал за голема добивка...*
*„Гласот“ ќе им даде практична можност на Првите народи да даваат информирани, разбирливи и веродостојни совети на Парламентот и Владата.“*
- Joint Opinion Piece, Australian Financial Review, 4/2/2023.

Повеќе за „Yes“ на стр.20

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**





Ова е уште еден детал кој ќе се утврди по референдумот.

**Во моментов има стотици претставнички тела на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес** на сите нивоа на владеење.

> Оваа година, Владата издвои 4,3 милијарди долари за Националната агенција на домородни Австралијци, која има 1.400 вработени.

На веб-страницата на Агенцијата и во нејзиниот корпоративниот план се вели: „Ние... обезбедуваме Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес да го изнесат нивното мислење за одлуките што ги засегаат.“

Нема навестување дека овој „Глас“ ќе замени било што од нив. Тој ќе функционира како една бирократија меѓу многуте.

## 9. ОВОЈ ГЛАС ЌЕ БИДЕ ТРАЕН

Овој „Глас“ не е тест или пилот-програма. Тој нема да биде во закон што ќе може да се укине.

Откако ќе се внесе во Уставот, нема да се поништи.

Откако Високиот суд ќе го протолкува, Парламентот не може да го поништи.

Засекогаш ќе останеме со негативните последици.

## 10. ПОСТОЈАТ ПОДОБРИ НАЧИНИ ДА ОДИМЕ НАПРЕД

Овој референдум не е само за признавање на домородните Австралијци во Уставот.

**Тоа може да се постигне без да биде поврзано со ризичен, непознат и траен „Глас“.**

Признавањето е широко поддржано од Австралијците. Сепак, проблемот е овој предлог за „Глас“.

Има многу Австралијци кои во принцип се противат на „Глас“.

Други можеби ќе бидат подготвени да разгледаат помалку ризична опција на „Глас“, но Владата не ви го дава тој избор.

Кога беа предложени претходните измени на Уставот, имаше Уставна конвенција за соодветно разгледување на опциите и деталите.

Овде немаше таков процес. Овој процес беше избрзан и нечувствителен.

Овој пристап не е ниту обединувачки, ниту ефикасен. Тој е разединувачки.

X

## ОДЛУКАТА Е ВАША

Ова е многу важна одлука. За жал, легитимните прашања и работи што ги загрижуваат многу Австралијци се отфрлени.

За среќа, на овој референдум нема да одлучуваат политичари, корпорации или славни личности.

На него ќе одлучува секој Австралиец. Тој го засега секој Австралиец.

**Ако не знаете, гласајте „no“.**

## ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

За информации и најнови вести, одете на:

- www.riskyvoice.com
- www.oneandfree.au
- www.australiansforunity.com.au

КРАЈ НА АРГУМЕНТИТЕ ЗА „**NO**“.

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

## Сега е до нас.

**Evonne Goolagong Cawley AC MBE, поранешна светска тенисерка број еден, жена од Wiradjuri:**

*"Гласањето „Yes" е шанса за сите Австралијци да го прославaт придонесот што Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес го дадоа за нашата земја и да ѝ помогнат на следната генерација да ги оствари своите соништа. Ајде да го искористиме овој момент во целост."*

Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес ни дадоа шанса што се јавува еднаш во една генерација.

**Можеме да гласаме „Yes" за да бидеме дел од голем обединувачки момент кој ќе донесе подобра иднина.**

Можеме да гласаме „Yes" за:

- Да го направиме тоа што е праведно за Абориџините и за Островјаните од Теснецот Торес.
- Да им дадеме право на збор на луѓето за прашања кои ги засегаат.
- Да направиме практична промена што подобрува животи.

Ајде да гласаме „Yes" за **признавање**, **слушање** и **подобри резултати**.

Ајде да гласаме „Yes" за да обезбедиме Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес да живеат подобар живот со повеќе можности за нивните деца.

Во духот на единството, ајде заедно да гласаме „Yes".

КРАЈ НА АРГУМЕНТИТЕ ЗА „**YES**".

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници на Парламентот кои гласаа за предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**





Аргументите за „No" завршија на страница 19.

**Кој го напиша ова?** **Содржината на овие аргументи (кои можат да се прочитаат на aec.gov.au/referendums/pamphlet.htm) е овластена од мнозинството пратеници во Парламентот кои гласаа против предложениот закон и сакаа да ги промовираат таквите аргументи. Овој текст е објавен без поправки од страна на Началникот на Изборната комисија.**

Оваа страница е намерно оставена празна



AEC
Australian Electoral Commission

# Вашиот официјален водич
## за референдумот во 2023 година

**Кога е денот на гласањето?**
За повеќе информации, скенирајте го QR-кодот или одете на **aec.gov.au/referendums**

**aec.gov.au**
13 23 26

Овластено од Началникот на Изборната комисија, 10 Mort Street, Канбера
Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra

# **Порака од** Началникот на Изборната комисија

Помина доста време откако имавме референдум. Последниот беше одржан во 1999 година, што значи дека на многу луѓе што го читаат ова, тоа ќе им биде првпат да гласаат на референдум.

Референдум е гласање на национално ниво за прашање во врска со промена на Уставот – во овој случај, дали да се промени Уставот за да се признаат Првите народи на Австралија со воведување на „Глас на Абориџините и Островјаните од Теснецот Торес“.

Гласањето на референдум е различно од тоа на избори, а резултатот се заснова на тоа како ќе гласа „двојното мнозинство“ – што значи:

- национално мнозинство (повеќе од 50%) од сите држави и територии и
- мнозинство (повеќе од 50%) во мнозинството на држави (најмалку четири од шестте држави).

AEC го подготви овој водич за да ви помогне да го планирате вашето гласање на референдумот, вклучувајќи како правилно да гласате, што ќе се случи на гласачкото место и совети како да ги проверите изворите на информации.

Ќе имаме повеќе од 7.000 гласачки места отворени низ земјата на денот на гласањето, опции за предвремено гласање и повеќе тимови на Служби за услуги за гласачи во оддалечени места (Remote Voter Services teams) од било кога кои ќе посетат оддалечени места.

Непристрасноста и независноста се основата на Австралиската изборна комисија. Транспарентноста, безбедноста и преземањето одговорност во процесите кои ги спроведуваме се значајни и видливи.

Се гордеам со улогата што ја имаме во спроведувањето на референдум со интегритет на секој чекор од процесот.

За повеќе информации, посетете **aec.gov.au/referendums**.

**Tom Rogers**
Началник за Изборната комисија

ПОВЕЌЕ ОД
97%
гласачи со право на глас во гласачкиот список

7.000+
гласачки места

500+
центри за предвремено гласање

до
100.000
привремено вработен персонал за референдумот

# **Застанете и размислете**

## Проверете го изворот на информации на овој референдум

Во периодот на референдумот може да наидете на информации за процесот на гласање кои се неосновани, надвор од контекст или погрешни.

AEC е независна агенција задолжена за спроведување на референдумот. Ќе комуницираме со гласачите за нивната обврска да учествуваат во гласањето, целта на референдумите и опциите за гласање.

Важно е внимателно да размислите за тоа што го гледате, слушате и читате за процесот на референдумот.

Најдете време да утврдите дали информациите се:

- од сигурен или препознатлив извор
- тековни
- безбедни (не се измама).

Ова е особено важно кога сте на социјалните мрежи или онлајн.

Одете на **aec.gov.au/stopandconsider** за повеќе информации и кратки видео записи со корисни совети.






# **Планирајте однапред да гласате на референдумот**

## Гласачките места ќе бидат отворени во 8 часот наутро и ќе затворат точно во 6 часот попладне

### Кој треба да гласа?

Сите австралиски државјани на возраст од 18 години и постари се обврзани да се запишат во гласачкиот список и да гласаат на овој референдум.

### Каде можам да гласам?

На денот на гласањето, можете да гласате на било кое гласачко место во вашата држава или територија. Гласачките места ќе бидат отворени од 8 часот наутро до 6 часот попладне.

Гласачките места обично се наоѓаат во локалните училишта, цркви, сали во заедницата и јавни згради. За да го најдете најблиското гласачко место, посетете **aec.gov.au/where**

Ако имате ограничена подвижност или попреченост, или се грижите за некој што ги има, можете да ги проверите деталите за пристапност до гласачките места на **aec.gov.au/where**

За опции за гласање на слепи лица или лица со слаб вид, посетете **aec.gov.au/assistance** или јавете се на **13 23 26**.

### Што ако се наоѓам во друга држава или територија?

Ако на денот на гласањето сте во друга држава, можете да гласате во одреден центар за гласање во друга држава или да ги разгледате опциите за предвремено гласање.

### Што ќе се случи ако не можам да гласам на денот на гласањето?

Ако не можете да гласате на гласачко место во вашата држава или територија на денот на гласањето, можеби ќе имате право да гласате предвреме, лично или по пошта.

### Како лично да гласате предвреме

Доколку исполнувате услови, можете да гласате пред денот на гласањето. Центрите за предвремено гласање ќе бидат отворени од понеделник, две недели пред денот на гласањето. Датумите и времето кога тие ќе бидат отворени ќе бидат различни, затоа посетете **aec.gov.au/where** тза да ги проверите деталите за секој центар. За повеќе информации во врска со предвремено гласање и да проверите дали исполнувате услови за тоа, посетете **aec.gov.au/early** или јавете се **13 23 26**.

### Како да гласате предвреме по пошта

По пошта можат да гласаат гласачи кои исполнуваат услови за тоа. Проверете дали ги исполнувате условите и поднесете молба онлајн на **aec.gov.au/pva** или тоа можете да го направите со скенирање на QR-кодот.

Ве молиме јавете се на **13 23 26** ако немате пристап до интернет и сакате да поднесете молба за гласање по пошта.

Пополнете ја вашата молба за гласање по пошта за таа да пристигне во AEC **не покасно од 6 часот попладне во среда пред денот на гласањето.**

# **Што ќе се случи на гласачкото место**

1. Кога ќе стигнете до местото каде што се даваат гласачките ливчиња, службеникот на гласачкото место ќе ве праша за вашето име, презиме и вашата адреса, и дали веќе сте гласале на референдумот во 2023 година. Вашето име ќе биде прецртано на гласачкиот список.
2. Ќе добиете гласачко ливче.
3. Внимателно прочитајте ги упатствата на гласачкото ливче.
4. Пополнете го гласачкото ливче.
5. Откако ќе го пополните вашето гласачко ливче, превиткајте го и ставете го во гласачката кутија.
6. Ако користите молив од AEC, ставете го во кутијата кога ќе излегувате. Блиzу излезот ќе има средство за дезинфекција на рацете.

**Запаметете, ако ви треба помош, можете да донесете некој во кого имате доверба или да замолите службеник во гласачкото место.**

**AEC сериозно ја сфаќа безбедноста на нашите гласачи и вработени. AEC продолжува да ја следи ситуацијата во врска со COVID-19 и ги следи упатствата на соодветните здравствени власти. Информациите во овој водич ја одразуваат ситуацијата во моментот на печатење. Тоа може да доведе до промени на воведените мерки.**

**На располагање ќе има средство за дезинфекција на рацете и ве поттикнуваме да донесете и носите маска за лице како и да одржувате физичко растојание. Можете да користите чист молив од AEC или да донесете сопствен молив или пенкало.**

# Што треба да направите за да важи вашиот глас

На овој референдум ќе добиете едно гласачко ливче со предложената промена на австралискиот Устав.

На гласачкото ливче:

Напишете **YES** ако ја одобрувате предложената измена

**или**

Напишете **NO** ако не ја одобрувате предложената измена


Commonwealth of Australia

BALLOT PAPER

State/territory

OFFICIAL USE ONLY

Referendum on proposed Constitution alteration

DIRECTIONS TO VOTER

Write “YES” or “NO” in the space provided opposite the question set out below.

A PROPOSED LAW:

There would be a description of the proposed constitutional change here.

DO YOU APPROVE THIS PROPOSED ALTERATION? YES

WRITE “YES” OR “NO”

AEC Australian Electoral Commission

SAMPLE

Примерок на гласачко ливче


Commonwealth of Australia

BALLOT PAPER

State/territory

OFFICIAL USE ONLY

Referendum on proposed Constitution alteration

DIRECTIONS TO VOTER

Write “YES” or “NO” in the space provided opposite the question set out below.

A PROPOSED LAW:

There would be a description of the proposed constitutional change here.

DO YOU APPROVE THIS PROPOSED ALTERATION? NO

WRITE “YES” OR “NO”

AEC Australian Electoral Commission

SAMPLE

Примерок на гласачко ливче

Вашиот одговор треба да биде напишан на англиски јазик.

Ако направите грешка, не грижете се.
Можете да побарате ново гласачко ливче и да почнете одново.

**Гласањето е задолжително за австралиските државјани на возраст од 18 години и постари. Ако не гласате, може да добиете парична казна или да бидете судски гонети. Кривично дело е ако гласате повеќе од еднаш.**

Овластено од Началникот на Изборната комисија, 10 Mort Street, Канбера | Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra